Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

ИП1 бр. 24-3
Дата: 25.02.2025 година

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за трговија и услуги МЕТАЛ НЕР ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Благој Ѓорев бр. 108 Велес, со вршење на дејноста за управување со отпад (собирање и транспорт на неопасен отпад), застапуван од Доцка Николовска - управител. Со Записник бр. 24-3 од 27.01.2025г. и записник бр. 24-3 од 18.02.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа основа на член 117 став 1 точка 20 и 58 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РСМ бр. 216/21) донесе:


Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243


## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Друштво за трговија и услуги МЕТАЛ НЕР ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Благој Ѓорев бр. 108 Велес:

   1.1 На 2те возила со кои се врши управување/собирање и транспортирање на неопасен отпад, на бочните страни на возилата да постави налепница со димензии 20x30cm, на која покрај назив на фирмата на правното лице, со контакт адреса и телефон, треба да стои и воочлив натпис "ВОЗИЛО ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД".

   Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

   1.2 Да се комплетира евиденцијата за 2024г. со пополнети и печатирани идентификациони и транспортни формулари за извршеното собирање и транспортирање на отпадот и да се чува како составен дел на целокупната евиденција за управување со отпадот.

   Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

[redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024 изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за трговија и услуги МЕТАЛ НЕР ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Благој Ѓорев бр. 108 Велес.

Надзорот се изврши за да се утврди дали субјектот кој врши собирање и транспорт на отпад ги исполнува одредбите од Законот за управување со отпадот кои го регулираат собирањето и трнаспортирањето на отпадот.

При надзорот беше присутна Доцка Николовска – упрвител.

Субјектот на надзор уредно и навремено беше известен за времето на надзор, а во прилог на Известувањето ИП1бр. 24-3 од 22.01.2025г. беше доставена и Листа на проверка со прашања за проверка кои го утврдуваат обемот на инспекциски надзор.

За утврдената фактичка состојба се изготви Записник за констатација со бр. 24-3 од 27.01.2025г. и Записник за констатација со бр. 24-3 од 18.02.2025г. придружен со Листа на проверка и пропратна документација.

При извршениот увид во приложената документација се констатира дека субјектот МЕТАЛ НЕР Велес има регистрирано седиште во Велес, а дејноста ја врши од 02.10.2019г. со претходно обезбедена Дозвола за собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад со бр. 68, со важност до 02.10.2024г. издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Субјектот во време на инспекцискиот надзор приложи и нова Дозвола за вршењето на дејноста управување со отпад (собирање и транспорт на неопасен отпад), бр. на решение за издавање на дозволата УП1-11/2-1972/2024 од 27.11.2024г. издадена од Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. Дозволата е со важност до 26.11.2034г.

При надзорот се констатира дека собирањето и транспортирањето на отпад се врши со 2 специјализирани возила тегнач VOLVO VE 4204 AE и полуприколка VE 8566 AD во сопственост на субјектот на надзор. Двете возила се обележани само со назив на правното лице со контакт адреса и телефон, на кои нема видлив натпис дека се работи за возила за собирање и транспорт на неопасен отпад, што не е во согласност со Правилникот за формата и содржината на образецот за барањето и потребната документација, формата и содржината на дозволата за собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад, како и минималните технички услови за вршење на дејноста за собирање и транспортирање на отпад (Службен весник на РМ бр. 87/15), како

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

пропис кој ги уредува барањата кои треба да бидат исполнети за вршење на дејноста, кој е во сила во согласност со член 145 став 2 од Законот за управување со отпадот.

Согласно член 7 од горенаведениот правилник:

(1) Возилата за собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад треба да бидат соодветно обележани за да може јасно да се види нивната намена.

(2) На бочните страни на возилата на воочлив начин треба да биде напишан назив на фирмата на правното или физичкото лице вршител на јавните услуги, со контакт адреса и телефон, а под него да стои намената на возилото „ВОЗИЛО ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД" или „ВОЗИЛО ЗА СОБИРАЊЕ И ТРАНСПОРТИРАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД".

(3) Натписите од став (2) на овој член треба да бидат со димензии најмалку од 20 x 30cm.

При надзорот се констатира дека субјектот не ги поседува кај себе идентификационите и дел од транспортните формулари за отпадот кој го транспортира. Согласно изјавата на одговорното лице, при транспорт на отпадот има транспортни формулари кои заради потпис и печат на крајниот постапувач ги доставува до него, но не ги има кај себе повратно обезбедено и заради тоа не може да ги приложи при надзорот, во дел а за дел поседува транспортен формулар За отпадот што го транспортира не поседува идентификациони формулари во регистерот за транспорт на отпад за 2024г. кој е предмет на проверка при надзорот.

Согласно член 50 став 4 од Законот за управување со отпадот: Субјектите кои управуваат со отпадот се должни на лицето задолжено за транспорт на отпад, при предавањето на отпадот за транспорт да му издадат идентификациони и транспортни формулари.

Согласно Правилникот за формата и содржината на дневникот за евиденција за постапување со отпад, формата и содржината на формуларите за идентификација и транспорт на отпадот и формата и содржината на обрасците за годишни извештаи за постапување со отпад (Службен весник на РМ бр. 7/06), кој е во сила во согласност со член 145 став 2 од Законот за управување со отпадот, во Упатството од Прилог 2 е пропишано следното:

Идентификациониот формулар го следи отпадот од почетната до крајната дестинација и се изготвува во 5 примероци. Оригиналот (лист бр. 1), поседувачот го доставува до надлежен орган, додека првата копија (лист бр. 2 со потпис на собирачот/транспортерот ја задржува за себе.

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Втората копија (лист бр.3) ја задржува собирачот/транспортерот по потпишувањето од страна на крајниот постапувач.

Согласно Упатството содржано во Прилог 3. Транспортен формулар за отпад од горенаведениот Правилник:

Транспортниот формулар го следи отпадот од почетната до крајната дестинација и се изготвува во 5 примероци. Оригиналот (лист бр. 1), поседувачот го доставува до надлежен орган, додека првата копија (лист бр. 2) со потпис на собирачот/транспортерот ја задржува за себе.

Втората копија (лист бр. 3) со потпис на крајниот поседувач ја задржува собирачот/транспортерот.

Согласно член 50 став 6 од Законот за управување со отпадот: Субјектите кои управуваaат со отпад се должни формуларите да ги чуваат како составен дел на целокупната евиденција за управување со отпадот.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 116 став 1 точка 36 и 59, а врз основа на член 117 став 1 точка 20 и 58 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РСМ бр. 216/21), Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен органили суд, а во согласност со член 200 став 4 од Законот за животната средина.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.
Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр.24-3, на ден 25.02.2025 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор